Прилог 1

# *„Училиште во кое СИТЕ учат“*

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# ООУ„ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ ВЕЛЕС

## за период од 2025 до 2029 година



**Датум**

**Јули, 2025**

## Преамбула

Развојната програма на ООУ„Васил Главинов“ Велес претставува стратешки документ изработен врз основа на важечки закони и регулативисо цел обезбедување континуиран напредок и развој на образовната институција. Изработкат на оваа програма е во согласност со Законот за основно образование,член 49, став 1 и 2, кој ги регулира принципите за функционирање и планирање на работата на основнитеучилишта. Програмата е усогласена со Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.08-3714/3 29.5.2024 година, кој ги утврдува основните елементи и параметри за планирање и спроведување на образовните активности. Во процесот на развој на оваа програма се земени предвид и другите релеванти законски регулативи, какошто се Законот за наанаставници и стручни соработници во основното училиште, кој ги дефинира улогите, правата и обврските на наставниот кадар, Закон за работни односи (член 30-35, и 40-46), кој ги регулира работните односи во училиштето и Законот за јавни набавки (член 1-3 и 15-19), кој ја утврдува постапката за набавки на потребните средства и ресурси за непречено функционирање на училиштето. Развојната програма е усогласена и со Статутот на училиштето кој ги утврдува внатрешните правила и начини на управување со институцијата. Програмата е подготвена врз основа на резултатите од Извештајот од интегралната евалуација на училиштето, која е спроведена од релевантните надзорни тела, како и врз основа на самоевалуацијата спроведена од 2023-2025 година. Предлогот на Развојната програма е инициран од Директорот на ООУ„Васил Главинов“ по претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Совет на родители. На седница одржана на ден , Училишниот одбор го разгледува и едногласно ја усвои Развојната програма за работа на училиштето за периодот од 2025 -2029 година.Со оваа програма, училиштето ја поставува основата за својата воспитно-образовна работа во иднина обезбедувајќи квалитетно образование за сите ученици.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Васил Главинов“ |
| Адреса | „Никола Карев“ бр.2 |
| Телефон, е-пошта | 043 211 – 255,oouvasilglavinov@gmail.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2025-2029 |
| Број на ученици во училиштето | 1170 |
| Број на подрачни училишта | Едно подрачно во с.Раштани и Објект 2 Превалец |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Драги Коцевски |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | |
| Потпис | |

| | |
|---|---|
| Датум | |

# Содржина


**1.** Податоци

**1.1** Идентификациски податоци за училиштето

**1.2** Историјат на основното училиште

**2.** Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

**3.** Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ – анализа)

**4.** Мисија и визија на основното училиште

**5.** Избрани приоритети и образложение за секој од нив

**6.** Дефинирани стратешки и развојни цели

**7.** Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето

**8.** Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Васил Главинов“ |
| Адреса | Ул.„Никола Карев“ бр.2 |
| Телефон | 043 211 – 255 |
| Место, општина | Велес, Велес |
| Веб-страница | https://oouvasilglavinov.wixsite.com/ |
| Е-пошта | oouvasilglavinov@gmail.com |
| Ден на училиштето | 18 март |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 6900$m^2$ |
| Училишен двор ($m^2$) | 16 690 $m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПУ с.Раштани |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1740 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 1170 |
| Број на паралелки | 59 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |

| | |
|---|---|
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Централното и Објект бр.2 работат во 2 смени, ПУ с.Раштани во една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2 Историјат на основното училиште

ООУ „ Васил Главинов”- Велес е современо училиште кое има капацитет да одговори на концептите за промена на образованието, односно да ги подготви учениците за предизвиците на новиот милениум.

Училиштето „Васил Главинов” е основано на 01.09.1956 и до 1960 година работеше во зградата на ОУ „Кирил и Методиј“-Велес. Работата ја започнува со 22 паралелки од I-IX одделение со 700 ученика и 30 наставници. Во учебната 1970 година е дограден уште еден крак со административен дел и фискултурна сала. Оттогаш, па до денес работи во изградената зграда со корисна површина од 7152 $m^2$, 25 училници, 20 кабинети, и вкупно 59 паралелки и 90 наставници и стручни соработници. Површината на дворното место изнесува 20 000 $m^2$. Во склопот на училиштето се вклучени и едно подрачно училиште во село Раштани и Објект 2 во населба Превалец.

Во своето 57 годишно постоење, училиштето има постигнати многу резултати и успеси. Големиот број на освоени награди од страна на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари исто така имаат свој придонес во афирмација на Општината и самото училиште.

Училиштето три пати е добитник на зелено знаме; добитник е на второ место во државата за апликацијата од Јавниот повик од МОН и мисијата на ОБСЕ за најчисто и најбезбедно училиште.

Училиштето е добитник на Признание за Најуспешно училиште за спроведување на инклузија во рамките на проектот „Инклузија на деца со ПОП“. Училиштето е лидер во регионот во процесот на спроведување на инклузија и располага со многубројни услови и можности за непречено вклучување на учениците со попреченост во наставниот процес.

**Училиштето е носител на највисокото општинско признание Спомен Плакета „9  Ноември”.**

Училиштето е основано од Општина Велес од 23.10.1955 г., верифицирано е со Решение бр.10-942/3 од 8.06.1994 г. на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија.

Училиштето е регистрирано во Централниот регистер со решение бр.4025563 од 26.01.2007 год.

ООУ„Васил Главинов”, воспитно - образовната работа ја организира и реализира во еден матичен објект, Објект број 2 и 1 подрачно училиште.

Училиштето е лоцирано во новиот дел од градот, на улица „Никола Карев“ бр. 2.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата** | 1.1 Анализа на реализација на онлајн наставата и изнаоѓање начини за подобрување | ✓ | | | |
| | 1.2 Зајакнување на демократската клима и соработката со учениците | ✓ | | | |
| | 1.3 Дополнување на опрема и наставно – нагледни средства во наставата | | ✓ | | Континуирано се реализира |
| | 1.4 Подобрување на стручноста на наставниците за работа со надарени и талентирани ученици | | ✓ | | Континуирано се реализира |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување и обновување на инфраструктурата и материјално – техничките услови во училиштето** | 2.1 Подобрување на енергетската ефикасност на училиштето | ✓ | | | |
| | 2.2 Реновирање на подот во фискултурна сала | ✓ | | | Фискултурната сала е целосно реновирана со финансиска помош од МОН |
| | 2.3 Обновување и опремување на библиотеката | | ✓ | | Потребно е инсталирање на софтвер за електронска евиденција на книжниот фонд |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| **Подобрување на воспитната компонента** | 3.1 Едукација за конструктивно разрешување на конфликти | ✓ | | | |
| | 3.2 Зајакнување на компетенции на наставен кадар. Управување и раководење на паралелката | | √ | | Континуирано се реализира |

## 3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ – анализа)

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| ➢ Учениците постигнуваат врвни резултати на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво со и без акредитација.<br>➢ Наставниците во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, во наставата користат различни ресурси за учење и настава<br>➢ Училиштето врши промоција на активностите на МИО со партнер-училиште ООУ „Лирија“ - с.Бузалково - Велес во континуирана соработка низ работилници со што се подобрува и поттикнува мотивираноста на учениците.<br>➢ Училиштето спроведува образовна инклузија на високо ниво, преку одлична соработка на Училишен инклузивен тим, образовни асистенти и сите наставници.<br>➢ Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни обрзовни погтреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма.<br>➢ Меѓуетничката интеграција е интегрирана и застапена кај сите наставници кај сите наставни предмети.<br>➢ Во активностите секогаш се внимава на еднаквата етничка застапеност.<br>➢ Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците при изборот на воннаставните активности.<br>➢ Училиштето овозможува вклученост и на родителите и на учениците во голем број воннаставни активности; | ➢ Недоволен број на образовни асистенти вклучени во самиот процес во редовна настава.<br>➢ Ненавремени и недоволен број на обуки на новovработените од страна на БРО и училиштето.<br>➢ Недоволен број на образовни асистенти вклучени во самиот процес во редовна настава.<br>➢ Меѓуученички натпревари на ниво на училиште.<br>➢ Мал број на вклучени наставници.<br>➢ Мал број на организирани и реализирани проекти.<br>➢ Недостаток на затворен и функционален поливалентен простор за презентација на резултатите од воннаставните активности.<br>➢ Недостиг на меѓуученичките натпревари за селекција на ученици за повисоки нивоа.<br>➢ Мал дел од учениците имаат информации за воннаставните активности и активности кои училиштето ги планира во текот на една учебна година.<br>➢ Отсуство на соработка на родителите на ученици кои следат настава по модифицирана програма со Ресурсен Центар-Велес.<br>➢ Мотивирање на родителите за поголема присутност во училиштето, за разговори за постигањата на учениците по одделни наставни предмети и на родителските средби.<br>➢ Недоволна искористеност на информациите од електронскиот дневник од страна на родителите..<br>➢ Подобрување на просторните услови за учениците од дневниот престој.<br>➢ Партерно уредување околу спортските терени |

| | |
|---|---|
| ➢ Училиштето располага со дневен престој за учениците од одделенска настава.<br>➢ Во училиштето има воспоставен куќен ред, правилник на однесување во училиштето и воспоставен е кодекс на облекување<br>➢ Во училиштето владее позитивна клима на соработка помеѓу колегите, раководниот кадар,учениците,стручната служба и родителите.<br>➢ Учениците активно учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето, односно секогаш е слушнат нивниот глас и посебно се почитува.<br>➢ Учениците ги знаат сопствените права и обврски и дискриминацијата е сведена на минимум по секој основ<br>➢ Сите ученици кои се во дневен престој користат топол оброк<br>➢ Учениците навремено преку едукативни работилници и проекти се запознаени за штетноста од цигарите, алкохолот и наркотичните средства.<br>➢ Сите ученици навремено се запознаени со здравствените протоколи и посетуваат редовно здравствени установи според претходно доставен план и распоред од здравствените установи.<br>➢ Постојано на часеви конструктивно се работи на нивното ментално здравје (по претходно изготвен план од страна на стручната служба).<br>➢ Наставниците преку дополнителни часови им помагаат на учениците кои поради здраствени проблеми не присуствувале на редовната настава.<br>➢ Наставниците заедно со стручната служба активно учествуваат во процесот на избирање на идното образование на секој ученик преку различни | ➢ Делумна заинтересираност на родителите за дисциплината и поведението, посебно кај учениците кои имаат слаб успех во учењето.<br>➢ Училиштето нема доволно реализирано проекти, акции и слични активности со граѓански здруженија и донатори.<br>➢ Немањеорганизиранаисхранаодноснотополоброк, вокујназаситеученициод 1 до 9 одделение.<br>➢ Немавработеннутриционистзасоветувањенародителите иучениците занивнатаисхрана.<br>➢ Недостатокнаавтоматизиранrealармнисистеми.<br>➢ Училиштето не обезбедува обука за членовите на УО<br>➢ Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање призанија на кадарот што внесува иновации во работата.<br>➢ Потреба од заеднички проекти со родителите<br>➢ Училиштето има потреба од вработување на логопед и социјален работник |

| | |
|---|---|
| тестирања,активности и учество во проекти.<br>➢ Вработените, родителите и учениците активно учесвуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>➢ Во училиштето постојат услови за демократски одлучување.<br>➢ Училиштето има воспоставено соработка со локалната средина за подобрување на инфраструктурата.<br>➢ Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција.<br>➢ Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето.<br>➢ Директорот обезбедува комуникација која се темели на почит и взаемна соработка на сите вработени во училиштето.<br>➢ Директорот  воспоставува добри односи со наставниците, учениците и другите установи со кои соработува.<br>➢ Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>➢ Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на стручниот кадар.<br>➢ Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности.<br>➢ Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, куќниот ред и протоколите на училиштето. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиптето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| ➢ Да се аплицира на поголем број на проекти поврзани со содржини од мултикултурализам | ➢ Вклучување на едни исти ученици во повеќе воннаставни активности. |

| | |
|---|---|
| ➢ Наставниците се задоволни од условите за работа во училиштето, но сметаат дека секогаш е добро да се надополнуваат и надградуваат условите за работа (набавка на нови современи нагледни средства), но имаат замерка во однос на одржувањето на хигиена во училиштето.<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализација на еколошки проекти<br>➢ Оценувањето на учениците е секогаш праведно и транспарентно.<br>➢ Наставниците редовно даваат повратни информации за напредокот и постигнувањата на учениците, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.<br>➢ Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.<br>➢ Афирмација на постигањата на учениците. | ➢ Недоволно вклучување на родителите во работата на училиштето.<br>➢ Недоволен аражман на локалната заедница во обезбедување подобри услови за работа во училиштето. |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

### *Мисија*

***УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СИТЕ УЧАТ***

Училиштето има своја препознатлива изјава за мисијатаУЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СИТЕ УЧАТ. Во неа се нагласени целите и приоритетите во неговата работа. Образованието треба да ја обликува иднината па затоа се настојува да се креира квалитетна настава, промовирање на знаење, вештини и ставови кои допринесуваат да се донесуваат одлуки кои не само што позитивно ќе влијаат на поединецот, туку и на опкружувањето.

Ние сме установа која со активен пристап, поттикнување на критичко мислење и толеранција, градиме модерно и ефикасно училиште по мерка на детето припремајќи го за живот. Се развиваат стратегии и методи на учење и поучување на учениците кои ќе допринесат да се подобри и успехот на учениците.

Поддршка на надарените ученици како и учениците со потешкотии во развојот.Ќе се применуваат техниките на учење и методи на поучување во согласност со индивидуални можности на учениците. На тој начин учениците ќе се оспособат да ги применуваат своите знаења и умеења во животот и понатамошното образование.

Кај нив ќе се развива чувство на одговорност, праведност, трудољубивост, почитување и исполнување на граѓанските права и обврски.
И понатаму ќе се превземаат активности:
Подобрување на квалитетот на наставата преку: професионален развој на наставен кадар, подобрување на условите за работа во училиштето,инклузивноста, опремување на училници и кабинети со современа образовна технологија.
Подобрување на воспитната компонентапреку: подигање на еколошката свест кај учениците,зајакнување на компетентноста на стручните активи и тимови за осовременување на наставата со цел да се постигнат високи образовни стандарди.

## ***Визија***

**Училиште со услови и стручност за максимален развој и едукација на учениците**

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| **Приоритет** | **Образложение** |
|---|---|
| Вклучување на локалниот бизнис сектор и локалната самоуправа како поддршка на активностите во училиштето | Бизнис секторот и локалната самоуправа активно да се вклучат во реализиција на проекти, подобрување на |

| | |
|---|---|
| | училишната инфраструктура, иницијативи и обуки со финасиска поддршка, спонзорства со цел подобрување на вкупниот наставен процес. |
| Соработка со НВО и граѓански здруженија во реализација на заеднички проекти | Вклучување на училиштето во национални и меѓународни мрежи и пристап до нови извори на финансирање. |
| Вклучување на релевантни институции од областа на безбедноста во подобрување на степенот на безбедност во училиштето од елементарни непогоди | Едукација и обуки за ученици и вработени во училиштето, подобрување на плановите за безбедност, организирање на практични вежби и симулации, развивање на зголемена свесност за превенција и рано предупредување кај учениците, вработените во училиштето и родителите. |
| Промоција на постигнувањата на учениците | Мотивација за поголем ангажман кај учениците, јакнење на самодовербата и личниот развој, изградба на култура на успех и вреднување на трудот, а со тоа и афирмација и промоција на училиштето . |
| Обезбедување на просторни услови за афирмација на воннаставните активности | Во интерес на унапредување и промовирање на училишниот живот обезбедувањето на затворен поливалентен простор во училиштето овозможува активностите од различен тип да се организираат без зависност од временските прилики. |
| Осовременување на училишната библиотека | Училишната библиотека претставува клучен ресурс во образовниот процес, збогатена со голем број лектирни изданија, книги и енциклопедии. Во ерата на дигитализацијата потребно е да нуди пристап до компјутери, интернет и интернет платформи, а воедно и воведувањето на дигителен софтвер значително ќе го подобри нејзиното функционирање. |
| Јакнењена стручните и практичните компетенции на наставниците | Современото образование се соочува со бројни предизвици кои бараат наставниот кадар да биде подготвен за да одговори на различните потреби на учениците, да користи различни и современи методи на работа. |

| | |
|---|---|
| Мотивирање на родителите за поголема вклученост во животот и работата на училиштето | Преку заеднички активности, отворени денови, работилници, хуманитарни акции и базари, родителите добиваат можност да бидат важни чинители во животот и работата на училиштето. |
| Дефинирање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари | Зголемена вклученост на учениците, развој на нивниот потенцијал и остварување на квалитетни образовни резултати. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

**Од приоритети кон стратешки цели** (се наведува приоритетот или групата приоритети за кои се дефинира стратешката цел)

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Вклучување на локалниот бизнис сектор и локалната самоуправа како поддршка на активностите во училиштето<br>Соработка со НВО и граѓански здруженија во реализација на заеднички проекти<br>Вклучување на релевантни институции од областа на безбедноста во подобрување на степенот на безбедност во училиштето од елементарни непогоди<br>Промоција на постигнувањата на учениците | Подобрување на квалитетот на училишната политика |
| Обезбедување на просторни услови за афирмација на вонаставните активности<br>Осовременување на училишната библиотека | Подобрување на условите за работа во училиштето |
| Јакнење на стручните и практичните компетенции на наставниците<br>Мотивирање на родителите за поголема вклученост во животот и работата на училиштето<br>Дефинирање постапки за мотивирање и селекција н аученици кои ќе учествуваат на натпревари | Подобрување на квалитетот на наставата |

**Од стратешки цели кон развојни цели** (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| **Подобрување на квалитетот на училишната политика** | 1.1 Развивање на стратегија за аплицирање и обезбедување средства преку проектни активности |
| | 1.2 Зголемување на степенот на безбедност во училишната зграда од елементарни непогоди |

| | |
|---|---|
| | 1.3 Афирмација и промоција на училиштето |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| **Подобрување на условите за работа во училиштето** | 2.1 Покривање на поливалентен простор |
| | 2.2 Опремување на библиотеката |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| **Подобрување на квалитетот на наставата** | 3.1 Подобрување на компетенции на наставниците за работа со различни групи ученици и имплементација на теоретските знаења од искуствено практично учење |
| | 3.2 Градење цврсти мостови на соработка со родителите |
| | 3.3 Креирање активности за мотивирање и селекција на учениците за учество на натпревари |

# 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1. Подобрување на квалитетот на училишната политика** |
|---|
| **Развојна цел 1.1 Развивање на стратегија за аплицирање и обезбедување средства преку проектни** |

| **активности** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Обуки за подготовка и апликации на проекти | Обучен наставен кадар за зајакнати компетенции и развиени вештини за аплицирање на проекти | Наставници, стручни соработници | 2025 - 2029 | Акредитирани обучувачи, здруженија и провајдери | Директор, помошник Директор | Сертификати и потврди за стекнатите компетенции |
| Подготовка на проекти за апликација и следење на отворени повици за доделување на грантови | Одобрени аплиции за проекти | Координатори на тимови за проекти,ученици ,стручни соработници | 2025 - 2029 | Проектни тимови, обуки, коференции, вебинари,промотивни активности | Директор, помошник директор, проектни координатори | Записници од состаноци,извешта и од добиени проекти |
| Воспоставување на партнерства со локалната бизнис заедница, потенцијални донатори и спонзори | Остварени средби и контакти со преставници на фирми од локалната заедница Организиран 1 | Наставници,стручни соработници,директор,локална бизнис заедница,преставник од совет на родители | 2025 - 2029 | Стручни соработници,наставници, членови на УО,средства за организирање на промотвни настани | Директор,стручни соработници, преставник од УО | Записници од реализирани средби,финансиски извештај од Fundraising настан, меморандуми за соработка и договори за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | fundraising настан годишно | | | | | донации |
| Вклучување во проекти на локалната самоуправа преку нивни фондови | Состаноци и средби со преставници од ЛС, одобрена апликација за проект | Преставници од ЛС,преставник од УО,наставници,стручни соработници,преставник од совет на родители | 2025 - 2029 | Директор,наставници,стручни соработници,преставници од ЛС | Директор,помошник директор,преставник од ЛС | Потпишани договори и меморандуми за соработка, извештаи од состаноци |
| **Развојна цел 1.2 Зголемување на степенот на безбедност во училишната зграда од елементарни непогоди** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Обновување на проценката за загрозеност од природни и други несреќи | Избрана соодветна- надлежна фирма за изготвување на нова проценка | Директор, стручни лица од избраната фирма | 2025 - 2026 | Законска регулатива, достапна опрема,институционална координација | Директор, надлежна стручна фирма | Документација и извештаи |
| Ревидирање на евакуационите мапи | Изготвена нова евакуациона мапа достапна и разбирлива за сите вработени во | Директор, стручни лица од избраната фирма | 2025 - 2026 | Тим од стручни лица | Директор, надлежна стручна фирма | Поставени нови- ревидирани евакуациони мапи во училишната зграда |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиштето во која се вклучени и лицата/учениците со ПОП | | | | | |
| Вежби за евакуација | Реализирани 2 вежби во учебна година | Наставници Стручна службаТехнички персонал ученици | 2025-2029 | | Директор | извештаи |
| Обуки на вработените за справување со кризни ситуации и укажување на прва помош | Реализирани обуки според законската регулатива Реализирани практични вежби за прва помош Обученост на вработените | Наставници Технички персонал Директор Помошник директор Пп служба Административна служба | 2025 - 2026 | Акредитирана фирма Црвен крст Дирекција за заштита и спасување | Директор Помошник директор | Сертификати Потврди |
| **Развојна цел 1.3 Афирмација и промоција на училиштето** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Истакнување на успеси и | Ученици и наставници со | Наставници Стручни | 2025-2029 | Училишен билтен | Директор Помошник | Награди Признанија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| достигнувања на наставниците и учениците | постигнати резултати (натпревари,проекти, признанија) | соработници ученици | | Видео презентации Социјални мрежи | директор | Пофалници Благодарници |
| Отворени денови во училиштето | Подобрување на соработката со родителите поттикнување соработка со локалната бизнис заедница и локална самоуправа зајакнување на транспарентноста и довербата привлекување нови ученици | Тим за промоција на училиштето Стручна служба | 2025-2029 | Буџет за подготовка Промотивен материјал Просторни и технички услови Флаери брошури | Директор Помошник директор | Извештаи Фотографии Видео записи |
| Интерактивни инклузивни активности и натпревари | Организирани работилници организирање спортски натпревари | Наставници Родители Ученици Стручна служба | 2025-2029 | Буџет Реквизити Техничка поддршка Тим за организација | Директор Помошник директор | Извештаи Фотографии Видео снимки |
| **Стратешка цел 2. Подобрување на услови за работа во училиштето** | | | | | | |
| **Развојна цел 2.1 Покривање на поливалентен простор** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за | Реализатори | Временска | Потребни | Тим за | Инструменти/ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | успех | | рамка за имплементација | ресурси | следење за реализација на активностите | извори на информации за следење на индикаторите |
| Формирање организациски тим | Изработенплан за идни активности | Катерина Најдов,Маја Џаневска Бузалкова,Сања Гуџова,Анѓел Љутков,Радмила Бабунска,Тања Саздова | Август-септември 2025 | Компјутер,хартија, интернет | Директор,заменик директор,стручна служба,Трајче Новаков | Одлука за формирање на тим План за идни активности |
| Изработка на промотивен материјал | Изработување на промотивни флаери | Милка Андонова,Никола Божиков,Веселинка Маџарова,Трајче Новаков | Август-декември 2025 | Компјутер,хартија, интернет | Директор,заменик директор,стручна служба,Македонка Грков | Фотографии,слики,видеа,флаери |
| Контакт со бизнис секторот | Остварена соработка со локалната заедница(стручни лица и институции) Консултации со стручни лица за постоечката состојба | Катерина Најдов,Маја Џаневска Бузалкова,Сања Гуџова,Анѓел Љутков,Радмила Бабунска,Тања Саздова | Септември-јуни 2025 - 2026 | Компјутер,хартија, интернет | Директор,заменик директор,стручна служба,Славица Левкова | Барања за соработка Конструктивен план |
| Изготвување на | Состанок со | Катерина | Септември-јуни | Компјутер,харт | Директор,за | Нацрт план |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| предлог нацрт проект и обезбедување финансиски средства | стручни лица Изготвување на технички проект Изготвување предлог буџет и предлог пресметка и негово презентирање пред локална средина | Најдов,Тања Индова,Сања Ѓорѓиевска,Татјана Стефановски,Катерина Стојкова | 2025 - 2026 | ија, интернет | меник директор,стручна служба | Буџетска пресметка |
| Организирање базар и спортски ден | Организирање хуманитарен базар,организирање спортски натпревари(наставници ,ученици,деца со ПОП со плаќање котизација | Милан Радевски, Жарко Климкаров,Александар Табаков,Елена Костова,Стојкова Катерина,Христина Арилон | Септември-јуни 2025 - 2026 | Спортска сала,терени,простор,материјали за изработка | Петре Новачев,Весна Николовска, Далиборка Тошева,Елена Клемова,Кети Стојкова | Видео запис од сработеното,слики, промоција училишен весник,извештаи од реализирани проекти |
| Објавување кампања на социјални мрежи | План како се изведува сработеното од различни фирми | Александра Цветкова,Славица Марковска,Светлана Стојановска,Ленче Јаневска | Септември-јуни 2025 - 2026 | комјутерскаопрема, интернет, хартија | Директор,заменик директор,стручна служба | Промоција на сработеното,слики |
| Сумирање | Разгледување | Директор,рехаби | 2025-2029 | Изграден | Директор,за | Манифестација |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| резултати и отчет | и промоција на сработеното | литатори,секретар | | објект | меник директор,стручна служба,благајник | извештаи |
| **Развојна цел 2.2 Опремување на библиотеката** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/ извори на информации за следење на индикаторите |
| Преглед на постоечка состојба | Формирање на тим за попис на книги, мебел, техничка опрема | Наставници кои работат во библиотека | Август-септември 2025 | Компјутер,хартија, штампач | Александра Зафирова,Кети Тодорова,Весна Здравковска | Записници попис на постоечките лектирни изданија |
| Набавка на книги | Купување книги по предлог на наставници и ученици,стапување во контакт со издавачки куќи Идентификување на потребите од лектирни изданија | Каролина Попова,Бојанка Џипунова Ташова,Елена Клемова,Даниела Папазова Бабуновска | 2025-2029 | Барања до одредени издавачки куќи | Директор,заменик директор,стручна служба | Записници направени од средби |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Донации на книги | Организирање акција „Подари книга“ | Анита Ѓошева,Маргарита Евтимова,Емилија Несторова,Гордана Михајловска,Билјана Лепидовска | Декември2025-декември 2026 | Клупи,простор | Директор,заменик директор,стручна служба | Попис на донирани книги |
| Опремување со техника | Набавка на компјутер, скенер, интернет-врска | Директор,Никола Божиков,Милка Андонова,Веселинка Маџарова | Септември-октомври | Училишни финансии | Оливера Нецинова,Евица Кимова,Ленче Јаневска | План за тендерска набавка |
| Промоција и активности | Организирање на литературни читања, квизови, избор „Читател на месецот“ | Каролина Попова,Бојанка Ципунова Ташова,Елена Гуновска,Далиборка Тосева | 2025-2029 | Училишната библиотека | Весна Димитриева, Трајче Новаков,Македонка Грков | Слики,промоција во училишен весник и интернет страна |
| Дигитален каталог | Воведување софтвер или Excel база за евиденција | Габриел Андреев,Давид Темелков,Тања Саздова,Никола Божиков | 2025-2026 | Компјутер,програма, библиотека | Јасмина Колева,Славица Марковска,Александра Цветкова | Изработена и имплементирана апликација,обука на сите библиотекари |

**Стратешка цел 3Подобрување на квалитетот на наставата**

| **Развојна цел 3.1 Подобрување на компетенции на наставниците за работа со различни групи ученици и имплементација на теоретските знаења од искуствено практично учење** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Собирање информации од наставниците од нивните лични професионални планови | Анализа на подоатоците | Стручни активи, ПП служба, Специјални едукатори | 2025 - 2029 | Наставен кадар, лаптоп, смарт табла | Директор, Тања Индова, Кети Стојкова, Мариела Анастасовска | |
| Изработка на план за организирање на обуки за подобрување на компетенциите на наставниците за работа со различни групи на ученици | Организирани две обуки годишно на сите наставници | Стручни активи, ПП служба, Специјални едукатори | 2025 - 2029 | Наставен кадар, лаптоп, смарт табла | Директор, Тања Индова, Кети Стојкова, Мариела Анастасовска | Записници од стручни активи, фотографии |
| Организирање на стручни предавања во склоп на годишната програма на | Усовршени и подобрени компетенции на голем дел од наставниот кадар со | Стручни активи, ПП служба, Специјални едукатори | 2025-2029 | Наставен кадар, нагледни средства | Претседатели на стручни активи | Записници од стручни активи, списоци за присутност, фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| стручни активи, со цел размена на искуства | размена на искуства | | | | | |
| Реализација на отворени часови со цел примена на стекнатите нови искуства и нивна практична имплементација во наставниот процес | Организирање по 2-3 часа во една учебна година од секој стручен актив | Наставници | 2025-2029год. | Наставен кадар, нагледни средства | Стручни активи, ПП служба | Записници од стручни активи, фотографии, дневни подготовки/ сценарија за час |
| Аплицирање за проекти за цел подобрување на компетенциите на наставниците за работа со различни групи на ученици | Континуирано изготвени апликации,прое кти | Наставници, Специјални едукатори | 2025-2029год. | Компјутер, тонер и печатар,хартиј а | Директор Тања Индова, Кети Стојкова, Мариела Анастасовска | Поплнети апликации, проекти |
| **Развојна цел 3.2 Градење цврсти мостови на соработка со родителите** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Собирање на информации за професионален | Одржани средби на наставниците | Наставници, ученици и родители | 2025-2029 | Компјутер, печатар, | Кети Стојкова, Претседатели | записници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| профил на родителите | со родителите | | | хартија | на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори родители | |
| Изработка на план за соработка со родителите | Одржана средба со наставниците | Наставници | Септември 2025год. | Компјутер, печатар, хартија | Кети Стојкова, Претседатели на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори | Изготвен план |
| Изработка на план со предавања изработени од наставници и родители од одредени области | Одржани средби планирани работилници и предавања од родителите | Наставници и родители | 2025-2029 | Компјутер, смарт табла, печатар, хартија | Кети Стојкова, Претседатели на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори | записници |
| Реализација на прадавањата и работилниците од родителите | Одржани планирани работилници и предавања од родителите | Наставници, ученици и родители | 2025-2029 | Компјутер, смарт табла, печатар, хартија | Кети Стојкова, Претседатели на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори, | Фотографии, видеа, презентации |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | родители и ученици | |
| Вклучување на родителите во хуманитарни акции и штандови | Одржана средба на наставници и родители со цел запознавање на родителите со план за штандови и хуманитарни акции | Наставници, ученици и родители | 2025-2029 | Компјутер, печатар, хартија, разни материјали за изработки | Кети Стојкова, Претседатели на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори | Изготвен план |
| Реализација на планот за хуманитарни акции и штандови | Поголема информираност на чинителите во градењето мостови на соработка со родителите Активно учество на родителите во изработка и презентирање и продажба на изработките | Наставници, ученици и родители | 2025-2029 | / | Кети Стојкова, Претседатели на стручни активи, ПП служба,специјални едукатори, родители и ученици | Фотографии, видеа |
| **Развојна цел 3.3 Креирање активности за мотивирање и селекција на учениците за учество на натпревари** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација | Инструменти/извори на информации за следење на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на активностите | индикаторите |
| Програма за организирање на квизови и меѓуодделенски натпревари за мотивирање и селекција на учениците | Соработка на наставниците во хоризонтала и вертикала | наставници | Септември 2025 | Компјутер,смарт табла, печатар, тонер, харија | наставници, стручна служба | Изработен план за реализација на активностите |
| Организирање на меѓуодделенски натпревари | Размена на искуства за изработка на квизови и натпревари | Наставници,ученици и стручна служба | 2025 -2029 | Компјутер,смарт табла,печатар, тонер, харија | Емилија Несторова, Александра Цветкова,Мариела Анастасовска, Катерина Стојкова, Стручна служба | Фотографии,видеа, квизови |
| Мотивирање на учениците за поголемо учество на меѓуодделенски натревари | Зголемување на бројот на ученици кои ќе ги истакнуваат своите знаења | Наставници и стручна служба | 2025 -2029 | Компјутер,смарт табла,печатар, тонер, харија | Емилија Несторова, Александра Цветкова,Мариела Анастасовска, Катерина Стојкова , Стручна служба | Фотографии,видеа, квизови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Избор и селекција на најдобрите ученици на меѓуодделнскит е натпревари | Препознавање на селектираните ученици како лидери,еднаква шанса за сите ученици да бидат селектирани без фаворизирање и дискриминација | Наставници и стручна служба | 2025 -2029 | Компјутер,смарт табла,печатар, тонер, харија | Емилија Несторова, Александра Цветкова,Мариела Анастасовска , Катерина Стојкова, Стручна служба | Записник,слики |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. Драги Коцевски – директор – претседател
2. Лидија Хаџиарсова – психолог - член
3. Тања Индова – стручен соработник - член
4. Сања Ѓорѓиевска – стручен соработник - член
5. Катерина Стојкова – професор по одделенска настава - член
6. Мариела Анастасовска – професор по одделенска настава - член
7. Катерина Најдов – предметен наставник - член
8. Татјана Стефановски – предметен наставник – член
9. Сирма Строиманова Јанев – претставник од Совет на родители - член
10. Снежана Ристовска – претставник од Училишен парламент - член
11. Верица Тодоровска Дацева – претставник од Општина Велес

На последната страница има место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на училишниот одбор.

**Директор** **Претседател на училишен одбор**

________________ ________________

**Драги Коцевски**